(Образец ПП.......)

**ДО**
**Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер**

- Согласно член 20 став 3 и член 27 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ја поднесувам следнава:

Предмет: **ДОПОЛНУВАЊЕ КОН ВТОРА Ж А Л Б А**

против Дополнување на одговор (постапување по жалба) бр.08-1975/1 од 22.08.2022 година од Ј.З.У Институт за јавно здравје, добиено со посредство на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер

**Подносител**: Здружение на граѓани за заштита на човекови права ОД НАС ЗА НАС Скопје, со седиште на ул. ,,Вич" бр.28/36, 1000 Скопје, тел.: 071 356 354, e-mail:info@odnaszanas.com и законски застапник/полномошник на барателот на информацијата, Гордана Гоџо
(назив, име и презиме, адреса, тел., фах, е-маил на барателот на информацијата)

**Жалбена основа**:

На ден 1.7.2022 година, Здружението на граѓани за заштита на човекови права ОД НАС ЗА НАС Скопје (во понатамошниот текст: Здружение или Барател) достави Барање за пристап до информации од јавен каратер до Ј.З.У Институт за јавно здравје и во законскиот рок поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

Дополнително добиен е одговор од Ј.З.У. Институт за јавно здравје бр. бр.08-1975/1 од 22.08.2022 година од Ј.З.У, со посредство на Агенцијата.

Во однос на овој дополнителен одговор констатираме дека за прашањата под реден број 10,28 и 29, Барателот на информациите доставените одговори од страна на Имателот на информации ги смета за генерално задоволителни.

Во однос на дополнителниот одговор за **прашањето под реден број 5,** констатираме дека Имателот на информација упатува на збирните извештаи од Агенцијата за лекови и медицински средства, а во исто време Агенцијата за лекови и медицински средства се огласи ненадлежна за ова прашање. Ја молиме Агенцијата да упати на соодветно решение за овој проблем.

Во однос на дополнителниот одговор за **прашањето под реден број 17,** Имателот на информации достави две студии во кои едната е опфатен преглед од ВАЕРС кај лица погрешно вакцинирани со дополнителна доза на вакцина, во однос на вакциналниот календар, а во другата студија е опфатено истражување за ефектот од трета вакцина за време на епидемија кај двојно вакцинирани лица. Во двете студии не се споменува реакцијата на вакцината кај лица со веќе прележана болест, односно имуни на истата за која се вакцинираат. Ја молиме Агенцијата да му наложи и да го задолжи Имателот на информациите во однос на прашањето под број 17, да одговори онака како што е барано во барањето односно да достави рецензирани студии со кои се потврдува дека оние

кои веќе прележале одредена болест, а се повторно вакцинирани, нема да имаат последици од вакцината.

Во однос на дополнителниот одговор за **прашањето под реден број 18,** Барателот на информации утврди дека два од наведените четири линка упатуваат на студии за Ковид 19 вакцината, една студија е за рота вирусот и четвртата анализа е недостапна. Ја молиме Агенцијата да му наложи и да го задолжи Имателот на информациите во однос на прашањето под реден број 18 да одговори онака како што е барано во барањето односно да достави рецензирани студии со анализа на односот бенефит-ризик за секоја вакцина поединечно со која се вакцинираат децата до 14 годишна возраст.

Во однос на дополнителниот одговор за **прашањето под реден број 22** Ја молиме Агенцијата да му наложи и да го задолжи Имателот на информациите во однос на прашањето под реден број 22 да одговори онака како што е барано во барањето

Во однос на дополнителниот одговор за **прашањето под реден број 23,** Барателот на информации утврди дека прашањето е делумно одговорено, односно Имателот на информациите не достави студии за безбедноста на ИПВ вакцината. Ја молиме Агенцијата да му наложи и да го задолжи Имателот на информациите во однос на прашањето под реден број 23 да одговори онака како што е барано во барањето односно да достави рецензирани студија/студии за ИПВ вакцината.

Врз основа на сето претходно наведено, жалбените основи од претходно доставената жалба и приложените докази предлагаме:

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер **да ја УВАЖИ жалбата и да му наложи на имателот на информации ЈЗУ Институт за јавно здравје да постапи согласно закон и да го задолжи да ги даде останатите барани информации и документи по прашањата под реден број 5, 17, 18, 22 и 23, односно предметот да го врати на повторно постапување пред првостепениот орган или мериторно да одлучи односно сама да го реши предметот.**

(податоци за имателот на информацијата, причините поради кои барателот не ја добил информацијата, број на решение со кое имателот го одбил барањето, или доказ за пропуштен рок од имателот)

Прилог на жалбата:

1. Одговор на Барањето доставен од Ј.З.У Институт за јавно здравје на ден 23.8.2022 г. Преку електронска пошта.

**Имател на информации**: Ј.З.У Институт за јавно здравје, ул. 50 та Дивизија бр.6, 1000 Скопје, Пошт.фах 577 Тел.: 3223-033, 3226-510; Факс:3223-354

(Правна поука: Против решението на Агенцијата може да се поднесе тужба за поведување управен спор до надлежниот суд)

Во Скопје.

Датум: 26.8.2022 год.

----------------------------------

(с.р. потпис на жалителот)